**Друштво за ревизија ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДОО Прилеп**

**Драган Димески бр.19**
**7500 Прилеп**
**Р. Македонија**
**П.Фах.256**
**WEB: http://www.perk.com.mk;**

**тел. ++389(0)48 413 856**
**тел./факс ++389(0)48 413 856**
**мобил: 070/208 138**
**e-mail: risteskipecko@t-home.mk**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО**
**МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР**
**БИТОЛА**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Младински културен центар - Битола, коишто ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 Декември 2012 година, како и извештајот за приходите и расходите и извештајот за паричните текови за годината која завршува на цитираниот датум и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Младински културен центар - Битола е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденување во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевнатна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Младински културен центар - Битола за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на субјектот на ревизијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.